# Гласно молчење

Еве, пријателе мој
кај кукавме три месеци за вода,
оти земјата пепел се стори,
ѓоамити Рогатиот истурил прав
и пофатил со својата рака.
И Господ нè послуша, па пушти дожд
и врнеше 40 дни и 40 ноќи,
санким решил да нè удави ко глувци.

И еве сега, пријателе мој,
кај кукаме три месеци за сонце,
оти земјата кал стана,
а полето се престори во езеро матно.
Голем зорт стана за луѓето,
па нè чу Горниот и ја секна водата,
сполај му.

Туку, пријателе мој, сега си молчиме,
оти никако не ни чини,

ја премногу пече и свети,
ја премногу плуска и врне,
крајот не ни се наоѓа.

# Марко и Баботино

Што да правам
кога ќе ждракне светлина
и кога назадгазум ќе шлапнам наземи,
и ќе повтам да сркнам цараманџа
зготвена во кеварчето на баба ми.

Необјасниво е чувството
кога во нејзиниот збор
го препознавам Марка (Цепенков, де).

Блешти, блешти сонце,
те немаше оломнани.

Сношти се јави чукајдрвецот.
Слезе Крале Марко во Вранче (на ручек),
откако ја затна Стерна,
откако го затна Баботино.

# Прорекување

На асфалтот,
Оваа сива и тмурна ноќ
Лие дожд.

Куќата ми е празна.
Прозорците отворени,
А завесите кренати.

Одблесоците од секавиците
Кои го параат небото
Прават чудни фигури
Од сенките на испиените шишиња
Од најразличен алкохол
Кои се наоѓаат на масата во дневната соба.

На асфалтот,
Оваа сива и тмурна ноќ
Лие дожд.

Ме плашат прорекувањата на баба.
Велеше: оваа земја е жедна за вода...
И за крв.